РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 04-496/21
29.04 2026 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република македонија'' бр.02/05) и член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија'' бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Македонија'' бр.143/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24), Градоначалникот на Општина Ранковце, на ден 29 04.2026 година , донесе

**О Д Л У К А**
**За избор на кандидат по пат на Интерен оглас Бр.01/2026 за пополнување на работно место со унапредување**

1. За извршител на работно место УПР0101В04000, Помлад соработник за примена на прописи, постапки и обука за човечки ресурси во Одделението за управување со човечки ресурси се избира кандидатот Драгана Цветковска.
2. Ова Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

Образложение

На ден 09.04.2026 година е објавен Интерен оглас Бр.01/2026 на веб страните на Општина Ранковце и на Агенцијата за администрација за унапредување на административен службеник во општинската администрација на Општина Ранковце.

Комисијата за селекција за унапредување по Интерен оглас Бр.01/2026 формирана со Решение Бр.04-496/11 од 20.04.2026 година ја спроведе постапката за селекција на кандидатите за унапредување. По спроведената постапка, Комисијата за селекција за унапредување изготви Записник од административна селекција за интерен оглас Бр.04-496/14 од 28.04.2026 година и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник заради спроведување на интервју Бр.04-496/17 од 28.04.2026 година.

Врз основа на Финалната ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат за работното место УПР0101В04000, Помлад соработник за примена на прописи, постапки и обука за човечки ресурси во Одделението за управување со човечки ресурси, Градоначалникот на Општина Ранковце донесе одлука како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против оваа Одлука може да поднесе жалба во рок од 8 дена од приемот на истото, преку Општина Ранковце до Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен при Агенцијата за администрација.

Да се достави до:
-избраниот кандидат
-одделени за човечки ресурси
-архива на општина Ранковце
-да се објави на интернет страната на Општината

**29.04.2026 год.**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ